Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ЭКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-291/4

25.07.2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 291/1 од 16.05.2022 година, поднесена од [redacted] за сторено вознемирување против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.07.2022 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за сторено вознемирување со бр. 08 – 291/1 од 16.05.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] **поради неуредност.**

## Образложение

На 16.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено вознемирување од страна на [redacted] против [redacted] со арх. бр. 08 – 291/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 21.07.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе го посочи потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката и неговите податоци.

Подносителот на претставката ја извести Комисијата дека не располага со податоци за потенцијалниот дискриминатор, односно администраторот на [redacted].

Од горенаведеното произлегува дека претставката со бр. 08 – 291/1 од 16.05.2022 година не ги содржи задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
25.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk